# просветно дело

СПИСАНИЕ ЗА ТЕОРИЈА И ПРАКТИКА НА ОБРАЗОВАНИЕТО

3
2026

# PROSVETNO DELO

JOURNAL FOR THEORY AND PRACTICE OF THE EDUCATION

## СПИСАНИЕ ЗА ТЕОРИЈА И ПРАКТИКА НА ОБРАЗОВАНИЕТО

год.LXXIX **просветно дело** Скопје, 2026

Издава: Здружение за теорија и практика на образованието „ОБРАЗОВНИ РЕФЛЕКСИИ“ - Скопје



Списанието започна да излегува како весник од 1945 година под име „Просветно дело“, а како списание започна да излегува од 1947 година со истото име.
Прв уредник на списанието беше Блаже Конески.

* * *

Претплатата се испраќа на:
Здружение за теорија и практика на образованието
„ОБРАЗОВНИ РЕФЛЕКСИИ“,
ж-сметка: 300 0000035805 97
Комерцијална банка АД Скопје
со ознака ЗА СПИСАНИЕТО

* * *

**Списанието излегува во четири броја годишно. Ракописите не се враќаат. Претплатата трае се додека не се откаже и тоа најдоцна во декември тековната година.**

* * *

**ИЗДАВАЧ**

Здружение за теорија и практика на образованието
**„ОБРАЗОВНИ РЕФЛЕКСИИ“**
Скопје, Македонија



**ГЛАВЕН УРЕДНИК**

**Проф. д-р Никола ПЕТРОВ**
**Скопје, Македонија**

**РЕДАКЦИЈА**

Проф.д-р Јасна **КУДЕК МИРОШЕВИЌ**
Загреб, Хрватска

Проф.д-р. **Мирсада ЗЕЌО**
Сарајево, БИХ

Проф. д-р **Јадранка РУНЧЕВА**
Нови Сад, Србија

Проф. д-р **Иван ФЕРБЕРЖЕР**
Љубљана, Словенија

Проф. д-р **Фатбарда ЃИНИ**
Тирана, Албанија

Проф. д-р **Васил ДРВОШАНОВ**
Скопје, Македонија

Проф.д-р **Томислав ТАНЕВСКИ**
Скопје, Македонија

Проф.д-р **Емилија ПЕТРОВА ЃОРЃЕВА**
Штип. Македонија

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР**
**Ѓорѓи Илиевски**

**ТЕХНИЧКИ УРЕДНИК**
проф.д-р Томислав Таневски



**e-mail: obrazovni_refleksii@hotmail.com**

# *Содржина*

**ПРОСВЕТНО ДЕЛО 3 2026**

*списание за теорија и практика на образованието*

UDK- 37 ISSN 0350-6711 год. LXXIX стр.1-

| | | |
|---|---|---|
| **Д-р Валентина ВЕЛКОВСКА - ТРАЈАНОВСКА**<br>**Д-р Стефанија ЛЕШКОВА ЗЕЛЕНКОВСКА** | **5** | ТРАНСФОРМАЦИЈАТА НА МАКЕДОНСКАТА ШКОЛА ЗА МУЗИКОТЕРАПИЈА:<br>ОД КИРИЛ МАКЕДОНСКИ ДО ТОМИСЛАВ ТАНЕВСКИ |
| **Д-р Ѓорѓина ЌИМОВА** | **29** | ОБУКА ЗА ОБУЧУВАЧИ ЗА ВОЗРАСНИ КАКО ОСНОВА ЗА КВАЛИТЕТНО НЕФОРМАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ |
| **Д-р Томислав ТАНЕВСКИ** | **39** | МУЗИКОТЕРАПЕВТСКА СЕАНСА НА ДЕЦА СО АУТИЗАМ: ТЕОРЕТСКИ ПРИСТАПИ И АНАЛИЗА НА СТУДИИ НА СЛУЧАЈ |
| **Д-р Оливер ЦАЦКОВ** | **52** | УЧИТЕЛСКАТА ШКОЛА ВО ШТИП – ПРЕСТИЖОТ И ЉУБОВТА КОН УЧИТЕЛОТ КАКО ЛИЧНОСТ |
| **Зоран НАСТОВ**<br>**Д-р Валентина ВЕЛКОВСКА ТРАЈАНОВСКА** | **60** | ХАРМОНСКИОТ ЈАЗИК НА СУИТАТА БР. 2 ОД БАЛЕТОТ „ЛАБИН И ДОЈРАНА“ ОД КОМПОЗИТОРОТ ТРАЈКО ПРОКОПИЕВ – СЛОГ И ФАКТУРА |
| **Киро СПАСОВ** | **71** | РАНОХРИСТИЈАНСКА САКРАЛНА АРХИТЕКТУРА ПО СРЕДНИОТ ТЕК НА РЕКА БРЕГАЛНИЦА |
| **Ѓорѓи ИЛИЕВСКИ** | **98** | РАЗВОЈОТ И СОЦИЈАЛНАТА ДИМЕНЗИЈА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЛОВЕНИЈА ЗА ПЕРИОДОТ 2004-2026 ГОДИНА |

# Content

**PROSVETNO DELO** **3 2026**

*Magazine for theory and practice in education*

UDK- 37 ISSN 0350-6711 year. LXXIX p.1-

| | | |
|---|---|---|
| **Ph.D. Valentina VELKOVSKA ' TRAJANOVSKA**<br>**Ph.D. Stefanija LESKOVA - ZELENKOVSKA** | **5** | THE TRANSFORMATION OF THE MACEDONIAN SCHOOL OF MUSIC THERAPY: FROM KIRIL MAKEDONSKI TO TOMISLAV TANEVSKI |
| **Ph.D. Georgina KIMOVA** | **29** | TRAINING OF ADULT TRAINERS AS A BASIS FOR QUALITY NON-FORMAL EDUCATION |
| **Ph.D. Tomislav TANEVSKI** | **39** | MUSIC THERAPY SESSION FOR CHILDREN WITH AUTISM: THEORETICAL APPROACHES AND CASE STUDY ANALYSIS |
| **Ph.D. Oliver CACKOV** | **52** | THE TEACHER TRAINING SCHOOL IN SHTIP – THE PRESTIGE OF AND LOVE FOR THE TEACHER AS A PERSON |
| **Zoran NASTOV**<br>**Ph.D. Valentina VELKOVSKA TRAJANOVSKA** | **60** | HARMONIC LANGUAGE OF SUITE NO. 2 FROM THE BALLET 'LABIN AND DOJRANA' BY COMPOSER TRAJKO PROKOPIEV – CHARMONIC CONSTRUCTION AND TEXTURE |
| **Kiro SPASOV** | **71** | EARLY CHRISTIAN SACRED ARCHITECTURE ALONG THE MIDDLE COURSE OF THE BREGALNICA RIVER |
| **Gjorgi ILIEVSKI** | **98** | THE DEVELOPMENT AND SOCIAL DIMENSION IN EDUCATION IN THE REPUBLIC OF SLOVENIA FOR THE PERIOD 2004-2026 |

Д-р Оливер ЦАЦКОВ
Универзитет „Гоце Делчев", Штип
Факултет за Образовни науки
Северна Македонија

ПРЕГЛЕДНО
НАУЧЕН ТРУД

"ПРОСВЕТНО ДЕЛО"
LXXIX,3,2026
UDK
373.5.046-
051:94(497.771)"1946/1963"

# УЧИТЕЛСКАТА ШКОЛА ВО ШТИП - ПРЕСТИЖОТ И ЉУБОВТА КОН УЧИТЕЛОТ КАКО ЛИЧНОСТ

Апстракт: Учителската Школа „Гоце Делчев" во Штип се појави во еден значаен историски период, кога се удираа темелите на новата македонска држава. Оваа школа израсна во моќен центар во развитокот на македонската просвета,образование и култура. Во трудот се дадени вредностите од редовната настава,во која се всадувала љубов на позивот учител. За престижот на квалитетен учител ќе придонесат нејзините способни квалитетни и афирмирани професори,педагози и воспитувачи. Во темата акцент е даден и на воннаставните слободни активности,кои со разни форми и содржини имале значаен придонес за идните учители. Оваа школа во Штип оспособила квалитетен учителски кадар со развиена општествена свест,хуманост и висок морален лик.

Во секоја држава значајна и важна улога го има учителскиот систем,која е еден од главните носители на општествените барања за подготвување на воспитно-образовни кадри за нејзин успешен развој на напредок. Столб на сите промени во општествениот процес и напредок му припаѓа на учителот. Тој игра клучна улога во создавањето на идните генерации па оттука и произлегува и тежината на неговата работа и позив кој го има. Најголемите преставници на човештвото високо ја цениле и почитувале работата на учителот. Тој е голем организатор кој со сета своја сила и љубов се бори против непросветеноста и неписменоста. Најилустративно и сликовито за учителот германскиот педагог,теоретичар Адолф Дисгпервек во својт говор во чест на Гутемберг напишал: „колку и да ги ценеме книгите никогаш неможат да го заменат духот на учителт. Тој ги тргнува покривите од очите на луѓето кои не гледат ништо.Тој е волшебното стапче со помош на кое ние влегуваме во прагите на скриениот дух“.

Без квалитетен учител нема квалитетно образование и воспитание.Или,пак, за секој успешен учител стои и успешен учител. Учителот има огромно методичко воспитно и образовно знаење кое влијае врз севкупното дејствувања на ученикот и на неговото понатамошно формирање како личност. По Втората светска војна системот на образованието и образованието бил вклипен во образовниот систем на тогашната СФРЈ. Иницијативата на Македонија како дел од овој систем била да создаде модерно образование и воспитание на современа основа и во нови услови. Еден од најсериозните проблеми со кое се соочило Министерството за Просвета да се обезбеди наставен кадар преку отварање на учителски школи и тоа во Штип,Скопје и Битола. Градот на Штип на свој посебен начин го симболизира учителството. Првото училиште за подготвување на учители и свештеници во Македоинја го основал познатиот штипски и македонски педагог Јосиф Ковачев во градот Штип.Ова има големо значење,затоа што подоцна континуирано продолжувал процесот на осовременувањето на педагошката мисла во Македонија.По ослободувањето на градот Штип еден од најсериозните проблеми со кои се соочила новата држава бил обезбедување на учителски кадар во источниот регион на Македонија.

Учителската школа "Гоце Делчев " во Штип започнала со работа 1946/47 година и работела се до учебната 1963/64 година кога престанала да функционира со својата активност. Уште во текот на своето функционирање учителската школа ќе израсне во современа воспитно-образовна институција со сите високи стандарди и стратешки определби за подготвувањето на идни учители за основното образование.

Нај сликовито за учителската школа ќе запише професорката Елица Николовска ученичка од оваа школа " учителската школа „Гоце Делчев" дејствуваше во еден значаен историски период на динамичното ширење на основното образование и потреба од квалификуван учителски кадар. Во голем број населени места за прв пат се отвориле училишта и тоа на мајчин македонски јазик. Тоа создаваше позитивна општествена клима за прифаќање на учителот за неговиот авторитет концепцијата на наставникот и наставната програма ги задоволуваше највисоките европски стандарди и подготовка на идниот учител".[1]

Учителската школа во Штип постојано работеше за оспособување на квалитетен училишен кадар со високо развиена општествена свест со хумани вредности и со висок морален лик со чувство како треба да се сака својата татковина. За подготовка и престиж на квалитетен училишен кадар ќе одиграат нејзините посебни и афирмирани професори воспитувачи секогаш подготвени со квалитетни знаења. Имајќи го сето ова во предвид учителската школа со право го добила епитетот Штипска учителска „Сорбона". Дека тоа не било случајно тоа го потврдиле и врвните педагози со голем авторитет  и респект кои имале иста цел да пренесат стручни и практични знаења за идните учители.

Од многубројниот квалитетен професорски кадар кои поминале низ оваа воспитно-образовна институција во Штип кои имаа особен придонес за оспособување на квалитетен учителски кадар би издвоил сеќавања на неколку професори преку кои можеме да ја опишеме вистинската слика за оваа институција. Колку бил значаен предметот историја ќе запише професорката Блага Гајдарџиска"преку наставата

[1] Јелица Николовска,Педагошкио методички истражувања и погледи,Скопје,2007.

по историја наставникот во прв ред за цел имал да го оживее и реконструира историското минато на човечкото општество,на што по објективен начин и кај учениците да развијат критичко мислење историска свест и култура што ќе им овозможи посигурно и поконструктивно вклучување во современиот процес. По сеќавањата на професорката Невена Милева која го предавала предметот Биологија подвлекла „ голем број на ученици многу биле заинтересирани за овој предмет кој бил застапен во сите години и тоа: ботаника, зоологија,анатомија и физиологија на човековиот организам. Покрај редовната настава која се одвивала во кабинтетот,во рамките на овој предмет биле организирани и секции за одделни дисциплини во кои учениците се определувале според својот интерес и афинитет. Во оваа школа се афирмирала и музиката не само како наставен предмет, туку и како уметност и култура во градот Штип и Македонија. Под раководство на Мице Јорданов успешно работел хорот, оркестарот, играорна група и други музички активности како во наставата така и надвор од неа. Наставата по физичко воспитување ја изведувал Добре Серафимов. На часовите по физичко воспитување присутни биле следните содржини: гимнастика, спортски игри, планинарство, скијање, одбојка, ракомет и кошарка. Денот на патронатот на училиштето значел и празник на градот. Професорот и директор на Учителската школа бил Христовски Јонче кој е еден пионерите на македонската просвета. Неговата богата кариера придонела да има голем углед кај учениците. Ги предавал предметите философија и логика. Голем број од неговите ученици студирајќи ја философијата станале советници,професори и научници. Такви на пример се проф Александар Апостовов историчар и Милка Шопова професорка на ПМФ во Скопје.

Слободните активности во Учителската школа интензивно се практикувале и тоа низ разни форми и содржини како што биле културно-уметнички и забавни,литературна,библиотекарска,драмска и рецитаторска секција. За овие вонннаставни активнсти проф Атанас Николовски забележал“ многубројните слободни активности во јазично литературната област,лингвистичката, поетско-раскажувачки, критички, рецитаторски и други се претвориле во вистинска можност за афирмација на сите оние што сакале да им се дадат крила на своите

младешки немири што бараа задоволство во духот на растеж и што чувствуваа секогаш неситивната жед за знаење“.[2]

Колку биле ценети и со авторитет завршените учители зборува и податокот дека со голема радост биле пречекувани и поддржувани од населението во средината каде што биле вработени. Од многубројните примери би го издвоил учителствувањето на Марија Гугушевска за неа Марија Кушеловска напишала“ По завршувањето на Учителската школа бев распоредена за учителка во селото Црник крај Пехчево.Со добиеното искуство искуство од Учителската школа во Штил како солидна ученичка ангажирана,активна,млада и образовна ми помогна да се соживеам со селото и во училиштето да развијам просветни и културни активности со децата и младината. Бев вклучена во нивните празнувања,обичаи и ритуали. Благодарејќи на постојаното живеење во селото сите ме сакаа и почитуваа“.[3]

Да се зборува за институцијата каква што била Учителската школа во просветата и образованието во Македонија,неможеме, а да не го потенцираме придонесот и на Ученичкиот дом во процесот на воспитанието и образованието како нејзин составен дел.

Тој со својата организираност одиграл значајна улога во доприносот на работењето на Учителската школа во Штип. За голем број ученици од источниот дел на Македонија, ученичкиот дом претставувал важен фактор во нивното школување, обезбедувајќи им сигурно место за престој, исхрана, воспитување и образование. Неговото значење било особено големо за учениците кои доаѓале од поодалечни места и без ваква институционална поддршка тешко би можеле да го продолжат своето образование. Подоцна, како што ќе се покаже, ученичкиот дом не бил само место за престој, туку и значаен простор за формирање на младите личности, нивниот културен развој и стекнување знаења и вредности што оставиле трага во нивниот понатамошен живот и професионален развој. Интернатот,како што го и нарекувале,одигрл значајна улога во воспитанието и образованието на младите идни учители.По завршувањето на Учителската школа од Министерството за Просвета биле назначени како учители и надвор од

[2] Атанас Николовски,Граѓанска асоцијација на учителот,Воспитен зборник,Штип,2006 година.
[3] Марија Кушоловска,Граѓанска асоцијација на учители во Штип,Зборник 2002-2005 Штип.

Македонија.Најмногу биле испратени во Војводина во тогашна Југославија во места каде биле прифатени деца бегалци од Егејска Македонија. Со престанувањето на работата на Учителската школа во 1964 година, згаснала и една значајна учителска традиција, која со децении претставувала важен дел од образовниот и културниот живот на градот. Таа традиција продолжила со отворањето на Педагошката академија во Штип во учебната 1964/65 година. Академијата траела две години и имала значајна улога во подготовката и образувањето на одделенски и предметни наставници, продолжувајќи ја мисијата на Учителската школа и одржувајќи ја Штипската традиција на создавање просветни кадри.Учителската школа „Гоце Делчев“ организирала обемна и интензивна просветно-воспитна и педагошка дејност и претставувала значаен образовен авторитет не само во Штип, туку и пошироко во источниот дел на Македонија. Со својата работа, високите воспитно-образовни стандарди и посветеноста на наставничкиот повик, школата кај идните учители развивала чувство на одговорност, професионалност и љубов кон учителската професија – професија која не била само занимање, туку и благородна општествена мисија.

Генерациите учители кои излегле од оваа школа оставиле траен белег во развојот на македонското образование. Тие биле носители на знаењето и воспитанието, градители на младите генерации и важен дел од просветното и културното издигнување на бројни населени места во Македонија. Нивната работа се одвивала во училниците, но нивното влијание било многу пошироко – во создавањето образовани средини, во ширењето на културата и во формирањето на генерации кои подоцна го преземале развојот на македонското општество. Затоа, учителите што произлегле од Учителската школа „Гоце Делчев“ не останале само запишани во нејзината историја. Тие трајно се вградиле во темелите на македонскиот воспитно-образовен процес и со својата посветеност ја одбележале историјата на македонското учителство. Нивното дело претставува дел од една традиција која, и по престанувањето на работата на школата, продолжила да живее преку нивните ученици, нивните колеги и генерациите просветни работници кои го продолжиле патот на македонската просвета.Учителската школа „Гоце Делчев“ во Штип одиграла историска, општествено-културна и педагошка улога во подготовката на учителскиот кадар.

Оваа воспитно-образовна институција уште од самиот почеток на своето функционирање постепено се изградила како институција со високи образовни стандарди и јасно поставени стратешки определби. Со својата организирана и посветена работа, таа претставувала посебен образовен авторитет и квалитет, достоен за почит меѓу просветно-културните институции во Македонија.Учителската школа „Гоце Делчев“ не била само место каде што се стекнувале знаења и педагошки вештини, туку и средиште во кое се граделе карактерот, професионалната одговорност и љубовта кон учителскиот повик. Таа го симболизирала македонското учителство во неговата најблагородна смисла - како повик посветен на образованието, воспитувањето и создавањето на идните генерации.Со отворањето на Педагошкиот факултет во Штип и запишувањето на студентите на студиските групи за воспитувачи и одделенска настава, образовната традиција на Штип продолжила да се развива во нови институционални форми. Учителската школа, иако престанала да функционира, засекогаш останала запишана во историјата на македонската просвета како институција со препознатлив образовен, воспитен и општествен придонес.Нејзиното најголемо наследство се генерациите учители кои ги подготвила и кои со својата работа оставиле трага во училиштата, во воспитувањето на младите и во културниот развој на бројни средини во Македонија. Токму преку нив, духот и традицијата на Учителската школа „Гоце Делчев“ продолжиле да живеат и по нејзиното затворање, вградувајќи се трајно во темелите на македонскиот воспитно-образовен систем

Oliver CACKOV, Ph.D.

## THE TEACHER TRAINING SCHOOL IN SHTIP - THE PRESTIGE OF AND LOVE FOR THE TEACHER AS A PERSON

Abstract: The “Goce Delchev” Teacher Training School in Shtip was established during a significant historical period, when the foundations of the new Macedonian state were being laid. The school grew into a powerful centre for the development of Macedonian education, learning and culture.

The study presents the values fostered through regular instruction, through which students developed a strong commitment to the teaching profession. The prestige of a high-quality teacher was further enhanced by the school's capable, accomplished and distinguished professors, pedagogues and educators.

Particular emphasis is also placed on extracurricular activities, which, through their diverse forms and contents, made a significant contribution to the personal and professional development of future teachers. The Teacher Training School in Shtip educated and prepared a high-quality teaching workforce characterized by developed social awareness, humanity and a strong moral character

## ЛИТЕРАТУРА


1.Донев, Трајко. *Развитокот на школството и просветата во Штип и Штипско*. Штип, 1997.

2. Камберски, Киро. *Образованието во Македонија*. Скопје, 2010.

3. Камберски, Киро. *Од буквар до универзитет*. Скопје, 1994.

4. Кантарџиев, Радован. *Историја на образованието и просветата во Македонија*. Скопје: Просветно дело, 2002.

5.Котев, Иван. *Слободните ученички активности 1956-1961 година*. Штип, 1999.

6.Кушоловска, Марија. „Граѓанска асоцијација на учители во Штип". *Зборник 2002-2005*. Штип, 2005.

7.Миронска-Христовска, Валентина. *Просветителството во Македонија*. Скопје: Институт за македонска литература, 2005.

8.Николовски, Атанас. „Граѓанска асоцијација на учителот". *Воспитен зборник*. Штип, 2006.

9.Николовски, Атанас. *Придонесот на Учителската школа „Гоце Делчев" - Штип во просветата, образованието и културата на Република Македонија*. Скопје, 2010.

10.Радојков, Асен. *Дејноста на Учителската школа „Браќа Миладиновци"*. Битола, 1996.

11.*Учителската школа во Штип - ученици и професори*. Зборник од трибина одржана во 1999 година во Штип.

Зоран НАСТОВ
Универзитет „Гоце Делчев“, Штип,
Музичка академија,
Северна Македонија

Д-р Валентина ВЕЛКОВСКА - ТРАЈАНОВСКА
Универзитет „Гоце Делчев“, Штип,
Музичка академија,
Северна Македонија

ПРЕГЛЕДНО
СТРУЧЕН ТРУД

“ПРОСВЕТНО ДЕЛО“
LXXIX,3,2026
UDK
781.41/.43:78.085.7(497.7)

# ХАРМОНСКИОТ ЈАЗИК НА СУИТАТА БР. 2 ОД БАЛЕТОТ „ЛАБИН И ДОЈРАНА“ ОД КОМПОЗИТОРОТ ТРАЈКО ПРОКОПИЕВ - СЛОГ И ФАКТУРА

Апстракт. При дефинирање на хармонскиот јазик на еден композитор анализата се фокусира на сите елементи, меѓу кои се издвојуваат и слогот и фактурата. Слогот и фактурата се материјализацијата на една музичка мисла и нејзиното структурирање во партитурата на делото. Анализата на хармонскиот јазик на македонски композитор, претставник на националната школа ги отвора пошироко прашањата за сите елементи поодделно, но и за елементите што ги носат никулците на фолклорната изразност. Трајко Прокопиев е композитор кој оставил траен белег во македонската музичка историја. Балетот „Лабин и Дојрана“ го создал во 1958 година, од кој ги издвојува двете балетски суити. Суитата бр. 2 го носи насловот „На соборот“ и во најголем степен се базира на теми од вториот чин и е изградена од осум танцови сцени – епизоди.

Клучни зборови: слог, фактура, хармонски јазик, Трајко Прокопиев, Лабин и Дојрана